Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
С К О П Ј Е

# I. ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Почитувани,

Министерството за финансии, со адреса на ул.”Даме Груев”, бр.14 – Скопје, има потреба од набавка на уред за климатизација на систем-сала.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка со барање за прибирање на понуди со претходно објавување на оглас која ќе заврши со спроведување на електронска аукција, во согласност со член 100 став 1 алинеја 2 и член 121 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11), за што објави оглас број 08-1/2011.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до 17.02.2012 година, до 12:00 часот на горната адреса или директно во писарницата на Министерството за финансии што се наоѓа на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“ б.б. (поранешна НИП „Нова Македонија“).

Во прилог на оваа покана е тендерската документација која ги содржи сите информации кои ќе помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следните делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор и образец на понуда.

Заинтересираните економски оператори можат да ја подигнат тендерската документација преку ЕСЈН достапен преку веб страницата https://www.e-nabavki.gov.mk.

Тендерската документација може да се земе без надоместок.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Лица за контакт во врска со предметот на набавката:

- Јане Севдински, тел. 02 3106-734,

  електронска адреса: jane.sevdinski@finance.gov.mk и

- Панче Чоневски, тел.02 3106-407,

  електронска адреса: pance.conevski@finance.gov.mk

Јавното отворање на понудите, во присуство на понудувачите, ќе се изврши на 17.02.2012 година во 12,00 часот, во просториите на Министерството за финансии, ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“ б.б. Скопје I кат, во салата за состаноци.

При спроведувањето на постапката со барање за прибирање понуди, како последна фаза во постапката ќе се користи електронска аукција согласно со член 121 од Законот за јавните набавки.

Комисијата за јавни набавки кај договорниот орган ќе изврши целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите согласно со условите и критериумите наведени во тендерската документација. По првичната евалуација на понудите се генерира ранг листа на прифатливи понудувачи кои договорниот орган ќе ги покани да учествуваат во електронската аукција.

Благодариме на соработката.

Во Скопје, 01.02.2012 година

Комисија за јавни набавки
Претседател

____________________________

/Јане Севдински/